Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт**

Сектор за уредување на просторот

13. Мај, 2025 година

Архивски број : 67-3124/7

До:
Субјект (назив на институцијата)

Предмет: Известување за организирање на ОПШТ ЈАВЕН ПОВИК ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА СТРУЧНА РАСПРАВА, ЈАВНА РАСПРАВА И ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА ПО УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ИЗГРАДБА НА ФОТОВОЛТАИЧНА ЕЛЕКТРАНА (за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10 MW) на КП 44/4 и КП 47/5, К.О. АРМАТУШ, ОПШТИНА НОВАЦИ

Почитувани,

Во врска со член 49 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на Република С. Македонија" бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25), Ве известуваме за одржување на СТРУЧНА РАСПРАВА, ЈАВНА РАСПРАВА И ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА за УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ИЗГРАДБА НА ФОТОВОЛТАИЧНА ЕЛЕКТРАНА (за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10 MW) на КП 44/4 и КП 47/5, К.О. АРМАТУШ, ОПШТИНА НОВАЦИ.

Јавната расправа и јавната презентација по Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење кој ќе биде изложен на увид и проверка на широката јавност во просториите на Министерството за транспорт и во општина Новаци, а исто така урбанистичкиот план е достапен и во информацискиот систем е-урбанизам.

Јавната расправа и јавната презентација ќе трае од 29.05.2025 до 30.06.2025 година.

Соопштението за организирање на јавната презентација и јавната расправа е објавено во јавни гласила и во информацискиот систем е-урбанизам. Во наведениот рок, заинтересираните правни и физички лица од подрачјето опфатено со урбанистичкиот план можат да доставуваат забелешки и предлози на анкетни листови, во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам или во писмена форма.


Министерство за транспорт на Република Северна Македонија
Ул. „Црвена Скопска Општина" бр.4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт**

Сектор за уредување на просторот

Јавната расправа ќе се одржи на ден 01.07.2025 (вторник) во 10 часот во просториите на Министерството за транспорт.

Стручната расправа ќе се одржи на 11.07.2025 (петок) во 10 часот во просториите на Министерството за транспорт.

Со почит,
Весна Андриеска, диа
Раководител на Сектор за уредување на просторот

Изработил: Даниела Деспотовска Сековска, диа



Министерство за транспорт на Република Северна Македонија
Ул. „Црвена Скопска Општина“ бр.4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk